ЗНМ: Нов Кодекс на новинарите – етичка рамка која одговара на дигиталната ера

July 8, 2026 10:45 in ВЕСТИ, МЕДИУМИ, ТОП 5

Share on Facebook Share on Twitter

Здружението на новинарите на Македонија, Македонскиот институт за медиуми и Советот за етика во медиумите на Македонија го промовираа новиот Кодекс на новинарите на Македонија на 7 јули во Europe House во Скопје. Со новиот кодекс се прави обид за унапредување на професионалните и етичките стандарди во новинарството и зајакнување на довербата на јавноста во медиумите.

> „Новиот Кодекс е резултат на процес што се спроведуваше во рамките на проектот '*Јакнење на етичките стандарди за поголема доверба во медиумите'*, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас", објави ЗНМ.

Според соопштението на ЗНМ, со новиот Кодекс, новинарската заедница добива современа етичка рамка која одговара на дигиталната ера, но истовремено ги задржува основните принципи на професијата: точност, проверка, независност, одговорност, заштита на човековото достоинство и работа во јавен интерес.

Една од новините во кодексот е регулирањето на употребата на вештачката интелигенција. Во член 16 од новиот Кодекс стои:

> Создавањето новинарска содржина со вештачка интелигенција мора да биде јасно означено. Новинарот е целосно одговорен за точноста на информациите и интегритетот на медиумскиот производ. Неприфатливо е користење вештачка интелигенција за создавање или ширење лажни, манипулативни или суштински изменети содржини, кои можат да ја доведат јавноста во заблуда. Новинарскиот

> производ не смее да претставува целосно генерирана содржина од вештачка интелигенција.

Кодексот на новинарите на Македонија е достапен на веб-страниците на ЗНМ и МИМ на македонски, а на посебен линк е објавен во еден документ со осум јазични верзии.

Б. Ј.

Во ера на дезинформации, националистички популизам и авторитаризам, неопходна е вашата **поддршка за ЦИВИЛ**.

Поддржете ги независните медиумски платформи на ЦИВИЛ во борбата против дезинформациите, национализмот, хибридните закани и авторитаризмот

Дајте го својот придонес **СЕГА**.



Share Tweet Send

СЛОБОДНО.НЕЗАВИСНО.ОТВОРЕНО

ЗА НАС / ИМПРЕСУМ / КОНТАКТ / АВТОРСКИ ПРАВА / Политика на приватност / МАРКЕТИНГ

Следете нè